РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-776/4

16-10-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-та седница одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-3029/1 од 25.11.2024 година, оформен по доставена пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконски спроведена постапка за вработување по јавен оглас во ОСУ „---------- ----------“ ---------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-3029/1 од 25.11.2024 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 25.11.2024 година, доставена е пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконски спроведена постапка за вработување по јавен оглас број 04-575/2 од 30.09.2024 година, и оформен е предмет број 12-3029/1 од 25.11.2024 година.

Во пријавата се укажува за сомневање за незаконски дејствија преземени од --------- ----------, Директор на ОСУ„---------- ----------“ --------- во врска со спроведена постапка за вработување по јавен оглас број 04-575/2 од 30.09.2024 година, за пополнување на 45 слободни работни места на определено време ( 18 на македонски и 27 на турски наставен јазик). Подносителот на пријавата посочува дека во постапката за селекција биле избрани кандидати за кои што се сомнева дека ги исполнуваат нормативите за бараниот наставен кадар. Наведено е дека директорката на училиштето донела одлука за избор на кандидати кои не ги исполнуваат условите од јавниот оглас.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК се обрати до Државниот просветен инспекторат на РСМ и побара да постапи во рамките на своите законски надлежности, да спроведе вонреден инспекциски надзор над предметната установа по однос на спроведената постапка за вработување, со достава на извештај/записник од истиот и информација за евентуално преземените мерки и дејствија од нивна надлежност.

Во законски утврдениот рок доставени се бараните информации и документи и од увидот на доставеното констатирана е следната фактичка состојба:

При утврдување на фактичката состојба од страна на Државниот просветен инспекторат по однос на наводите кои се однесуваат на сомневања за незаконитости во спроведената постапка за вработување на наставници по јавниот оглас број 04-575/2 од 30.09.2024 година во „ ОСУ „---------- ----------“ ---------, на ден 17.12.2024 година извршен е вонреден инспекциски надзор и за истиот изготвен е Записник со број Ип1 бр.09/240 од 17.12.2024 година, при кој не се констатирани неправилности и инспекциската постапка е запрена.
Во доставениот одговор од страна на инспекторот наведено е дека врз основа на одобрени согласности за вработување на наставен кадар и стручни соработници во средните училишта на определено време- старо финансирање за учебната 2024/2025 година, Директорот на предметото учичиште донел Одлука број 04-575/1 од 27.09.2024 година, за објавување на јавен оглас за вработување на наставен кадар и стручни соработници на определено работно време за учебната 2024/2025 година, за пополнување на 45 слободни работни места. По однос рагледување на документите доставени како апликации за конкурирање по завршениот оглас со Решение број 04-575/3 од 04.10.2024 година била формирана комисија, и тоа една комисија за проверка на познавањето односно владеењето на македонскиот јазик за работните места на македонски наставен јазик, и комисија за проверка на познавања односно владеење со турскиот јазик за работните места на турски наставен јазик.

Дополнително, се известува дека на ден 08.10.2024 година, бил одржан состанок на Училишниот одбор при ОСУ „---------- ----------“ --------- на кој на дневен ред покрај другите точки бил даден и предлог за вработување на наставен кадар и стручни соработници по предметниот јавен оглас.
Од страна на директорот на предметното училиште била донесена Одлука со арх. број 04-575/9 од 09.10.2024 година, за избор на кандидати по објавениот оглас при што биле избрани кандидати со соодветен степен на образование и положен стручен испит согласно член 3 од Законот за наставници и стручни соработници. Истиот ден биле доставени известувања до сите кандидатите кои конкурирале на предметниот јавен оглас при што на кандидатите кои биле примени за работа им биле доставени одлуки за извршениот прием, а на останатите кандидати

за кои што не бил извршен избор им било доставено известување со прилог документација дадена при нивното аплицирање.

Оттаму, Државниот просветен инспектор констатирал дека не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор поради што инспекциската постапка од страна на инспекторот била запрена согласно член 83 став 5 од Законот за инспекциски надзор.

Имајќи во предвид сето горенаведено, ДКСК утврди дека во предметниот случај постапил друг надлежен орган, Државниот просветен инспекторат кој во рамките на своите законски надлежности постапил, ја утврдил фактичката состојба и не констатирал неправилности во предметната постапка. Оттаму, ДКСК констатира дека наводите во доставената пријава не се потврдуваат, поради што согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Заменик претседател

м-р Цвета Ристовска

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал Ј.Ц., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил Б.К.Ш., член на ДКСК

Доставено до
-подносителот на пријавата